**20230651281**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2023 година.

Бр. 08-1541/1
20 март 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 67/1992, 20/2003, 46/2004, 19/2007, 84/2008, 51/11, 135/11, 154/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 302/20, 122/21 и 67/22), по членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

„Член 31-а

При поднесување на барањето за издавање пасош се врши наплата на средства за цената на образецот за пасош во износ утврден со посебен пропис, донесен согласно со закон и наплатените средства по оваа основа се уплатуваат на буџетската сметка на Министерството за внатрешни работи.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.